

# МЕДИУМСКИ ЗДРУЖЕНИЈА: ПРАТЕНИЦИТЕ НА ВЛАСТА НЕ САКААТ СЛОБОДНИ МЕДИУМИ

0

05/04/2016 - 14:28

ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Пратениците на власта не сакаат слободни медиуми, откако вчера во Собрание одбија и да расправаат за измените и дополнувањата на Законот за аудио аудиовизуелни медиумски услуги, сметаат повеќе новинарски здруженија. Соопштението кое го пренесуваме во целост е потпишано од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), Македонски институт за медиуми (МИМ) и Институт за комуникациски студии (ИКС).

„Владеачките партии ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ вчера демострираа дека се противат Македонија да биде слободна, цивилизирана и демократска земја. За пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ не е битно што пишува во Уставот, кој гарарантира слобода на медиуми, туку што наредуваат Никола Груевски и Али Ахмети.

Тие вчера во Собрание бессрамно и кукавички одбија дури да расправаат за измените и дополнувањата на Законот за аудио аудиовизуелни медиумски услуги, иницирани од петте новинарски и медиумски организации и поддржани од Европската Унија и Соединетите држави. Груевски и Ахмети зарија нож во грбот на европската перспектива на Македонија.

Власта не сака слободни и професионални медиуми оти се плаши од вистината, која е многу поразлична од виртуелната реалност што ја креираат нејзините медиумски мегафони. Најголем дел од приватните национални телевизии се ставени целосно во служба на агресивната пропаганда на власта како во времето на режимот на Слободан Милошевиќ.

Нашиот закон во Собрание доби поддршка од 34 пратеници од македонската опозиција од редовите на СДСМ, НСДП, ДС, ДОМ и двајца независни пратеници. Сакаме на секој од нив поединечно да им се заблагодариме за поддршката. Пратеникот Зулфи Адили од Унитети беше единствен пратеник Албанец што гласал за законот, за што и нему искрено му благодариме.

Разочарани сме од двојната игра на пратениците на ДПА. Мистериозно изчезнале од седницата кога требало да се поддржи законот. Со тоа, оваа партиoја ја испушти шансата да покаже дека навистина е опозиција во Собранието.

За пофалба е гестот на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ од дијаспората, Ристо Манчев, кој го поддржал предлогот, а пратеникот од Америка, Павле Саздов, со својот глас воздржан се дистанцираше од останатите пратениви на ВМРО-ДПМНЕ. Искрено се надеваме дека ваквиот чин на пратениците од дијаспората позитивно ќе влијае на подигнувањето на свеста во ВМРО-ДПМНЕ за важнста за слободни медиуми.
Битката продолжува. Професионални медиуми не се важани само за новинарите, туку пред се за граѓаните. Тие имаат право да бидат информирани точно и вистинито. По се изгледа дека со Груевски и Ахмети на власт мисијата за професионални медиуми станува невозможна. Изборот е на гражаните на македонија на денот на изборите ќе покажат какви медиуми сакаат.“

АУДИО РЕТРОСПЕКТИВА

СЛУШАЈ РАДИО МОФ

ПОПУЛАРНО


Харис Бабачиќ, дипломец по медицина со просек 10: Вратите на Германија се отворени за младите лекари


[Видео] Репортажа за семејството Крајнц кое Скопје го замени со село Конско


Ненад Јолдески: Требаше да добијам европска награда за да се промовирам како писател


Студенти од Правен најавуваат студентски избори на 4 мај


[Интервју] Филозофски филмски фестивал станува уникатен дел од културното живеење на градот

НОВО ЗА ВАС LAJME NË GJUHËN SHQIPE


08/04/2016 0
Во Хрватска размислуваат за воведување данок на слатки


08/04/2016 0
[Видео] Зад аголот: „Зад шпиунката“ е албум за сите заглавени во општествениот бродолом


08/04/2016 0
Ултиматум до Општина Тетово за реконструкција

Сподели: 1 0 0

## МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА



08/04/2016 0

**ВО ХРВАТСКА РАЗМИСЛУВААТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ДАНОК НА СЛАТКИ**



08/04/2016 0

**[ВИДЕО] ЗАД АГОЛОТ: „ЗАД ШПИУНКАТА“ Е АЛБУМ ЗА СИТЕ ЗАГЛАВЕНИ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ БРОДОЛОМ**



08/04/2016 0

**УЛТИМАТУМ ДО ОПШТИНА ТЕТОВО ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР**

08/04/2016 0

**КУМАНОВСКИ ТЕАТАР СО „ЖЕНА ОД МИНАТОТО“ ГОСТУВА ВО КИНО КУЛТУРА**

08/04/2016 0

**ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ИНТЕНЗИВЕН КУРС ПО АГОНИЈА“ НА МЛАДИОТ ИСТОК УЛЧАР**

08/04/2016 0

**ОТВОРЕН ДЕН НА ТАНЦ ФЕСТ**

**0 Коментари** Радио Моф 1 Најавете се

Препорачај Сподели Подреди по најнов

Start the discussion…

Be the first to comment.

ИСТО ТАКА НА **РАДИО МОФ**

**Нема договор меѓу Средношколски пленум и МОН**

3 коментари • пред 2 месеци

Tamara Taylor — network for front side that awesome lengthy backbone to stretch those around pipes of all the way down what do …

**ФБИ нема пристап до мобилниот на осомничен за трговија со дрога**

1 коментар • пред месец

nvjaslwovnjasl — Sakav da prasam kako ja dobivte informacijata vo vrska so odlukata za sudenjeto, koga sudenjeto e vo tek, vo …

**Сака државна работа, иселувањето му е болна тема – профил на просечен …**

1 коментар • пред 2 месеци

Martin Anastasovski — Младите „одат“ на партиска книшка бидејќи не сакаат да се чувствуваат осамени и изолирани во …

**Државата ги прогласи спомен-куќата на Мајка Тереза и Музејот на ВМРО за …**

1 коментар • пред 3 месеци

surur syifaus — nice post, i liked dont forget visit my blog : http://djxradtke.tumblr.com/po...

Претплатете се Додадете го Disqus на Вашата веб-локација Add Disqus Add Приватност

на Спортскиот центар



08/04/2016 0

Кумановски театар со „Жена од минатото“ гостува во Кино Култура



08/04/2016 0

Промоција на книгата „Интензивен курс по агонија“ на младиот Исток Улчар

РЕКЛАМИ


